Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
Бр.-Nr. 50 - 4007/1
24.03.2023 год.-viti
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

Архивски знак ______
Рок на чување ______
______ 20__

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19, 110/19 и 154/19), а во врска со член 8 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), министерот за култура донесе

# Критериуми, процедури и рокови за распределба на капитална дотација за инвестициони проекти во областа на културата за 2023 година

Во Буџетот на Министерството за култура за 2023 година во разделот 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата, во Програма/Потпрограма 84 – Одржување на објектите и опремата во областа на културата, категорија 48 - капитални расходи, на ставка 488 - капитални дотации до ЕЛС, предвидени се средства за реализација на капитални инвестициони проекти во вкупен износ од 40 милиони денари.

Планирањето, обезбедувањето и реализацијата на финансиските средства за капитални дотации во областа на културата за единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, Министерството за култура ги спроведува во согласност со програмските и стратегиските определби на Владата и на Министерството за култура во насока на поттикнување и спроведување рамномерен регионален културен развој.

Министерството за култура ќе ја изврши распределбата на овие капитални дотации за инвестициони проекти во областа на културата за 2023 година во согласност со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Во согласност со член 11 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, при распределбата на капиталните дотации Министерството за култура ќе дава приоритет на проектите со целосно обезбедени финансиски средства за изведување на градење[1].

[1] Во согласност со член 2 став 1 точка 1 од Законот за градење,градење е изведување на претходни работи, изработка на проектна документација, вршење на подготвителни работи, изградба на нова градба, доградба и надградба на постојна градба, реконструкција и адаптација на постојна градба, што опфаќа земјени работи, изведување на градежна конструкција, вршење на градежно-инсталатерски


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ул. „ЃуроЃаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

Дополнителни приоритети при распределбата на капиталните дотации за инвестициони проекти во областа на културата за 2023 година се определуваат:

- Унапредување на инфраструктурните услови за работа во локалните установи од областа на културата.
- Заштита на животната средина.
- Заштита на културното наследство.
- Подобрување на енергетската ефикасност на објектите од областа на културата.
- Обезбедување и осигурување на минималните основи барања на градбите предвидени со прописите за градење.
- Обезбедени финансиски средства како сопствено учство на локалната самоуправа или кофинансирачко учество од други извори на финансирање.

## I.КРИТЕРИУМИ

Во согласност со член 8 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), со дотации од Буџетот на Република Северна Македонија и од буџетите на фондовите се обезбедуваат дополнителни приходи во буџетот на општината за финансирање на нејзините надлежности определени со закон.

Министерството за култура ќе ја изврши распределбата на капиталните дотации за инвестициони проекти од областа на културата кои ќе ги исполнуваат утврдените критериуми.

Распределбата на капиталните дотации ќе се врши за следниве категории на прокти:

1. За инвестиционите проекти за изведување градба, привремен објект или урбана опрема кои се од областа на културата:

работи и градежно-завршни работи, вградување постројки или опрема и други работи со кои се оформува целината на градбата.

-да е обезбедена комплетна проектна документација на ниво на ревидиран основен проект со сите потребни фази и да е обезбедено одобрение за градење или во тек е постапка за обезбедување на одобрение за градење.
- да е предвидена реализација на изведбата со обезбедување на комплетната проектно-техничка документација, со обезбедување градежна парцела во согласност со важечка урбанистичка планска документација и со обезбедување на сите потребни одобренија и согласности во предвидениот временски рок од оваа објава.

2. За изведување одделна фаза од градба на објекти од областа на културата која ќе претставува независна функционална целина:

-да е обезбедена комплетна проектна документација на ниво на ревидиран основен проект со сите потребни фази и да е обезбедено одобрение за градење или во тек е постапка за обезбедување на одобрение за градење.
- да е предвидена реализација на изведбата со обезбедување на комплетната проектно-техничка документација, со обезбедување градежна парцела во согласност со важечка урбанистичка планска документација и со обезбедување на сите потребни одобренија и согласности во предвидениот временски рок од оваа објава.

3. За изведување градба – обезбедување на проектна документација за изградба или реконструкција на објекти или делови од објекти од областа на културата која ќе претставува независна функционална целина:

-да е обезбедена комплетна проектна програма за изработка на основен проект со сите потребни фази.

Распределбата на капиталните дотации за реализација на инвестициони проекти од областа на културата за 2023 година ќе биде извршена во рамките на обезбедените средства за таа намена во Буџетот на Република Северна Македонија во разделот на Министерството за култура Програма 84 – Одржување на објектите и опремата во областа на културата, ставка 488 – капитални дотации до ЕЛС.

Оценувањето на поднесените проекти ќе се врши од страна на стручна комисија формирана од страна на Министерот за култура според слените критериуми:


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ул. „ЃуроЃаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

- I фаза Административна усогласенот на предлог проектот со критериумите процедурите и роковите за распределба на капитални дотации во областа на културата:
    - Дали апликацијата и приложената документација кон апликацијата е целосна, навремена и поднесена од овластен и подобен подносител.
    - Дали техничката документација е комплетна и соодветна на проектот и според предвиденото од точка 1, 2 и 3 од дел Критериуми на оваа објава.
    - Дали предлог проектот е согласно приоритетите предвидени во оваа објава и дали го исполнува приоритетот предвиден согласно член 11 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

- II фаза квалификација на предлог проектот се врши бодување на предложените проекти според следните критериуми:

  А. Степен на кофинансирање со средства од сопствени извори и од други извори на финансирање - максимум 20 бодови
  - 20 бодови – декларираното сопствено учество изнесува над 30% од вкупниот буџет и е обезбедено,
  - 10 бодови – декларираното сопствено учество изнесува до 30% од вкупниот буџет и е обезбедено,
  - 5 бодови – декларираното сопствено учество изнесува до 10% од вкупниот буџет и е обезбедено,
  - 0 бодови – нема предвидено соствено учество или наведеното учество не е обезбедено.

  Б. Ефектот на предлог проектот – максимум 10 бодови
  - 10 бодови – ефектот од предлог-проектот е мерлив, детално опишан и е реален,
  - 5 бодови – ефектот од предлог-проектот е добро опишан, но не е реален,
  - 0 бодови – ефектот од предлог-проектот не е реален или не е мерлив, проектот нема ефект или ефектот не може да се согледа.

  В. Динамиката на реализација на предлог проектот – максимум 15 бодови

- 15 бодови – потребно време за реализација на предлог-проектот е дадено за сите активности,
- 5 бодови – потребното време за реализација на предлог-проектот е дадено за најмалку 50% од активностите,
- 0 бодови – потребното време за реализација на предлог-проектот е дадено за помалку од 50% од активностите.

Г. Конзистентност на буџетот за реализација на предлог проектот - максимум 15 бодови

- 15 бодови – сите предвидени трошоци се неопходни за реализација на предлог-проектот и за постигнување на планираните цели,
- 10 бодови – голем дел од трошоците се потребни за реализација на предлог-проектот, но не може да се согледа дали одредени трошоци се потребни за реализација на предлог-проектот,
- 5 бодови – повеќето од трошоците не се потребни за реализација на предлог-проектот или не може да се согледа потребата од трошоците или пак буџетот е нецелосен.

Д. Мерки и елементи на додадена вредност на предлог проектот за заштита на културно наследство, енергетска ефикасност и заштита на животна средина и иновативност – максимум 30 бодови

- 30 бодови – предвидени се активности за заштитата на клултурно наслетство, енергетска ефикасност и заштита на животна средина и иновативност,
- 10 бодови - заштита на културно наследство, енергетска ефикасност и заштита на животна средина и иновативност е само парцијално земена предвид при дефинирање на предлог-проектот,
- 0 бодови - заштита на културно наследство, енергетска ефикасност и заштита на животна средина и иновативност воопшто не е земен на предвид или тоа не може да се согледа.

Ѓ. Придонесот на предлог проектот во подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на локално ниво – максимум 10 бодови


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ул. „ЃуроЃаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

- 10 бодови – предлог-проектот придонесува во голем обем на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на локално ниво,
- 10 бодови – предлог-проектот придонесува во среден обем во подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на локално ниво,
- 5 бод – предлог-проектот придонесува во мал обем во подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на локално ниво.

## II. ПРОЦЕДУРИ

Во согласност со член 8 став (1) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), со дотации од Буџетот на Република Северна Македонија и од буџетите на фондовите се обезбедуваат дополнителни приходи во буџетот на општината за финансирање на нејзините надлежности определени со закон.

Во согласностсо член 8 став 3 од овој Закон, видот, износот и распределбата на дотациите по општини се составен дел од Буџетот на Република Македонија и на буџетите на фондовите.

Во согласност со член 11, капиталната дотација врз основа на програма утврдена од Владата на Република Северна Македонија се користи за финансирње на инвестициони проекти.

Министерството за култура на својата веб-страница ќе ги објави критериумите, роковите и процедурите за распределба на капиталните дотации за општините во областа на културата за 2023 година.

Во согласност со член 11 став 4 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15,154/15, 39/16и 11/18), министерот за култура ќе формира комисија која ќе изврши проверка, селекција и ќе даде предлог за избор на проекти за користење капитални дотации во областа на културата за 2023 година.

На предлог на комисијата, министерот за култура ќе изврши избор на проектите за користење средства за капитални дотации во областа на културата и за нив ќе биде подготвена предлог-програма за финансирање, која ќе биде доставена до Владата на Репулика Северна Македонија за нејзино донесување.

Владата на Република Северна Македонија, врз основа на член 11 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, ја донесува

Програмата за користење капитални дотации преку финансирање инвестициони проекти во областа на културата.

По донесувањето на Програмата од страна на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за култура ќе додели договори со кои ќе бидат регулирани правата и обврските на Министерството за култура и на единицата на локалната самоуправа корисник на средствата за капитални дотации во областа на културата за 2023 година.

Министерството за култура ќе го следи користењето на капиталната дотација.

При констатирање неправилности во користењето на дотацијата, Министерството за култура може да ја запре исплатата на средствата и за тоа ќе го извести Министерството за финансии.

Единиците на локалната самоуправа корисници на средствата за капитални дотации во областа на културата за инвестициони проекти се должни при реализацијата на проектите да ги почитуваат процедурите предвидени со Законот за градењето, со Законот за заштита на културното наследство и со другите материјални закони за кои ќе се утврди потреба од примена во зависност од видот на одобрениот проект за реализација.

Во реализацијата на одобрените инвестициони проекти нема да биде допуштено пренесување финансиски обврски од тековната во наредната година за одобрените финансиски средства од капиталните дотации.

## III. РОКОВИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА

Рокот за пријавување на единиците на локалната самоуправа за користење капитални дотации за финансирање проекти за капитални инвестициони проекти во областа на културата за 2023 година е до 20 април 2023 година. За поднесување пријава за користење капитални дотации во областа на културата не е пропишан посебен образец на пријава. Заинтересираните единици на локалната самоуправа ја доставуваат пријавата, заедно со придружната документација за исполнување на предвидените приоритети и критериуми од оваа објава, на свој образец-меморандум, во писарницата на Министерството за култура.

Комисијата на Министерството за култура ќе достави предлог за избор на проекти за финансирање капитални дотации до министерот за култура најдоцна до 30 април 2023 година.

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

Министерството за култура ќе достави предлог-програма за користење средства за капитални дотации во областа на културата за 2023 година до Владата на Република Северна Македонија најдоцна до 10 мај 2023 година.

Министерството за култура ќе ги додели договорите за капитални дотации во областа на културата за 2023 година веднаш по донесувањето на програмата од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Реализацијата на капиталните инвестициони проекти од страна на општината и доставување на комплетна документација за реализација на проектите и за исплата на одобрените средства ќе биде најдоцна до 15 декември 2023 година.

Министер
Бисера Костадиновска Стојчевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА-MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP

Изготвил: Владимир Попоски, раководител на сектор


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ул. „ЃуроЃаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
+389 23240 643
www.kultura.gov.mk